# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.41 од 27.02.2014 година**

### Член 1

Во Законот за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005), во членот 9 точка 4 точката и запирката се заменуваат со сврзникот "и".
Точката 5 се брише.

### Член 2

Во членот 10 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:
„Именувањето на директорот се врши по пат на јавен оглас кој се објавува во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има минимум пет години работно искуство, од кои најмалку три години во областа на енергетиката;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
6) има положено психолошки тест и тест за интегритет."

### Член 3

Во членот 11 точка 2 зборовите: „стручната служба на" се бришат.
Точката 9 се менува и гласи:
„9) донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Агенцијата и други акти на Агенцијата, донесува годишни планови за вработување, како и решава за правата од работен однос на вработените во Агенцијата."

### Член 4

Насловот пред членот 14 се брише.
Во членот 14 ставот 1 се менува и гласи:
„Вработените во Агенцијата кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници."

### Член 5

Во членот 17 точка 2 точката и запирката се заменуваат со сврзникот "и".

Точката 3 се брише.

**Член 6**

Статутот на Агенцијата ќе се усогласи со одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

**Член 7**

Директорот на Агенцијата именуван до денот на започнувањето на примената на членот 2 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 8**

Одредбите на членот 2 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите на членовите 1, 3, 4 и 5 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14) и Законот за административните службеници (" Службен весник на Република Македонија" број 27/14).

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.